Р е п у б л и к а С .М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk** **opstinabosilovo1@gmail.com**

Општина Босилово

БР.10-1769/3
09.07.2026

Градоначалникот на општина Босилово,решавајки по барањето на ДГТИ,,ДОМИНГ"ЈТД Радовиш,поднесено под број 10-1769/1 од 03.07.2026 година,за одобрување на Проектна Програма,врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020,111/23,171/24,40/25,101/25;127/25)го издава следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува **Проектната програма** со технички број 249/2025-Y од јуни 2026 година,изработена **од** ДГТИ,,ДОМИНГ ЈТД Радовиш ,за изработка на:
**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктура со намена Е1.6 Канализациски инфраструктури во Босилово, КО Босилово и КО Босилово-вонград, општина Босилово.**

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот ДГТИ,,ДОМИНГ ЈТД Радовиш,поднесе барање за одобрување на **Проектна програма**,со технички број 249/2025-Y од јуни 2026 година,изработена од ДГТИ,,ДОМИНГ ЈТД Радовиш,за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктура со намена Е1.6 Канализациски инфраструктури во Босилово, КО Босилово и КО Босилово-вонград, општина Босилово.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1.Барање
2.Проектна програма

Комисијата за урбанизам,формирана од градоначалникот на општина Босилово,со Решение бр.04-172/1 од 29.01.2026 година,по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид,констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.
Истото го потврди со Предлог одобрување на ПП со бр.10-1769/2 од 08.07.2026 година.

Р е п у б л и к а С .М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk     opstinabosilovo1@gmail.com**

Градоначалникот на општина Босилово,по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам,констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020,111/23,171/24,40/25,101/25;127/25).
Врз основа на тоа а согласно членот 44 од Законот за урбанистичко планирање,донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба,во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа,надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ристо Манчев**